СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
НАША БАНКА!

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА ЗА 2016 ГОДИНА ОД АСПЕКТ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ЧЛЕНОВИ И КОЛЕКТИВНО

**Битола, 2017 година**

## Содржина

1. Внатрешна организација и структура на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола……………………………………………........................................... 3
2. Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година од аспект на поединечни членови ...................................................... 4
3. Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година од аспект на колективен орган за надзор…………………………..... 8
4. Донесени акти и други активности ……………………………………………… 10
5. Соработка со Управниот одбор ………………………………………………….. 12
6. Постоење на евентуален судир на интерес и начинот на кој истиот е разрешен………………………………………………………………………………. 13
7. Заклучни согледувања ……………………………………………………….… 13

## 1. Внатрешна организација и структура на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

Надзорниот одбор е самостоен и независен орган кој врши надзор на работењето на Управниот одбор. Во согласност со Законот за банките, Надзорниот одбор ги одобрува политиките за вршење финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.

Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народна банка на РМ.

Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола го сочинуваат 7 (седум) члена, од кои два се независни членови.

Во периодот јануари - декември 2016 година, функцијата на орган на надзор ја остваруваше Надзорниот одбор со следниот состав:

- **господин Ненад Јосифовиќ –** претседател;
- **господин Панче Нефтенов –** заменик-претседател и независен член;
- **господин м-р Дејан Панделески –** член;
- **господин Кирил Митровски –** член;
- **господин Иванчо Велјановски** – член;
- **господин Коста Костадиновски** – независен член и
- **госпоѓа м-р Александра Радевска** – член.

Имено, шестмина од членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, и тоа: господин Ненад Јосифовиќ, господин Панче Нефтенов, господин м-р Дејан Панделески, господин Иванчо Велјановски, господин Коста Костадиновски и госпоѓа Александра Радевска се именувани за членови на Надзорниот одбор на Банката на седницата на Собранието на акционери одржана на 14.1.2015 година, и тоа за период од 4 (четири години). Во согласност со решенијата од НБРМ за претходна согласност за именување на овие лица за членови на Надзорен одбор им е доделен мандат кој изнесува 2 (две) години и истиот истекува на 8.5.2017 година, додека за членот на НО господин м-р Дејан Панделески мандатот истекува на 9.6.2017 година.

Членот на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола господин Кирил Митровски е именуван за член на Надзорниот одбор на седницата на Собранието на акционери одржана на 25.3.2015 година за период од 4 (четири) години. Во согласност со Решението од НБРМ за издавање претходна согласност за именување на господин Кирил Митровски за член на Надзорниот одбор на Банката, мандатот на овој член изнесува 2 (две) години и истиот истекува на 26.8.2017 година.

## 2. Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година од аспект на поединечните членови

Во согласност со член 89 став 4 од Законот за банките и член 69 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на Банката.

Во периодот јануари - декември 2016 година, Надзорниот одбор ги извршуваше своите активности одржувајќи редовни седници најмалку еднаш месечно, а по потреба и почесто.

Во текот на 2016 година Надзорниот одбор одржуваше седници и кога тоа го налагаше извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности. За време на предметниот извештаен период, Надзорниот одбор на Банката одржа вкупно 37 седници.

**Господин Ненад Јосифовиќ** како претседател на Надзорниот одбор се грижеше за правилно функционирање на Надзорниот одбор во текот на 2016 година.

Во изминатиот период, од страна на претседателот на Назорниот одбор, седниците на Надзорниот одбор беа свикувани редовно и навремено, во согласност со Деловникот за работа на Надзорниот одбор.

Претседателот на Надзорниот одбор го утврдуваше предлог-дневниот ред на седниците, претседаваше и раководеше со седниците. Тој со своето долгогодишно искуство и организациска способност се грижеше за навремено доставување на потребните материјали, обезбедување целосни, точни и навремени информации до останатите членови на Назорниот одбор.

Во делокругот на својата функција особено значаен придонес даде во делот на подобрување на корпоративното управување во Банката, како и во примената на корпоративниот кодекс.

Од особено значење во овој период беше неговото сестрано залагање за редовното следење на законската регулатива, како и усогласување на Банката и нејзиното работење со сите законски и подзаконски прописи, како и доследно почитување на препораките и насоките од НБРМ.

Како претседател на Надзорниот одбор, посебен акцент стави на модернизацијата на банкарските производи, успешното менаџирање на Банката, како и на нејзиниот континуиран раст.

Господин Ненад Јосифовиќ, во функција на претседател на Назорниот одбор, во текот на извештајниот период успешно ја водеше работата на седниците и постојано поттикнуваше отворена и активна дискусија меѓу присутните членови, истовремено земајќи учество во расправите со свои конструктивни предлози и насоки за понатамошното работење на Банката, како и околу клучните прашања и теми поврзани со нејзиното функционирање. Како претседател на Назорниот одбор, даваше препораки и иницијативи за подобрување на материјалите кои се разгледуваат на седниците на Надзорниот одбор, а се во насока на постигнување поголема ефикасност

и квалитет на надзорната функција, како и подобрување на севкупното работење на Банката.

Како претседател, во име на Надзорниот одбор ги потпишуваше донесените одлуки, како и донесените и одобрени акти и се грижеше за нивно целосно спроведување.

Воедно, господин Ненад Јосифовиќ, како член и на Одборот за ревизија на Банката, даде особен придонес за координирање на активностите и работењето на Одборот за ревизија и на Надзорниот одбор на Банката.

Како резултат на неговата постојана посветеност и личните вложувања, соработката на Надзорниот одбор со Управниот одбор, Одборот за ревизија, Одборот за управување со ризици, како и другите органи на Банката, беше на многу високо ниво, кое нешто придонесе за успешно справување на Банката со сите предизвици во текот на работењето во овој период.

Во периодот од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, господин Ненад Јосифовиќ присуствуваше на сите 37 одржани седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Господин Панче Нефтенов**, како независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, а воедно и заменик-претседател на Назорниот одбор, беше активно вклучен во работењето на Надзорниот одбор на Банката за време на извештајниот период.

Неговите широки познавања од правната област и практични искуства како успешен и признат адвокат имаа значаен удел во работењето на Надзорниот одбор на Банката.

Особено значајни и полезни беа неговите насоки, предлози и стручни совети дадени за решавањето и за постапувањето по одредени судски предмети во кои Банката се јавува како странка.

Исто така, во текот на работењето на Назорниот одбор во 2016 година, во својство на независен член, господин Панче Нефтенов даде голем придонес за доследна примена и практикување на основните начела и принципи на корпоративното управување, како и почитувањето на законските прописи и регулативата пропишана од Народна банка на РМ.

Господин Панче Нефтенов, исто така, е член и на Одборот за ревизија на Банката. Како член на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија, господин Нефтенов даде значаен придонес и за успешна и координирана соработка на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија.

Во текот на извештајниот период, г. Панче Нефтенов присуствуваше на 36 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Господин м-р Дејан Панделески**, член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

Господин м-р Дејан Панделески со своето долгогодишно искуство стекнато како извршен директор на успешна компанија, а воедно и член на органи на

управување на други правни лица кои бележат позитивни финансиски резултати, даде особен придонес во ефикасното вршење на надзорната функција на Надзорниот одбор.

Неговите препораки дадени врз основа на неговите познавања на економско-финансиската состојба во земјата како и регионот, заедно со неговите менаџерски вештини, беа од суштествено значење при разгледувањето на финансиските извештаи и резултатите од работењето на Банката, се во насока на нивно подобрување и поголем финансиски раст на Банката. Особено се ангажираше и во следењето на движењето на депозитите и кредитите и пазарното учество и позиција на Банката.

Воедно, тој, како член и на Одборот за ревизија на Банката, водеше особена грижа за остварување успешна и непрекината соработка на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Банката.

Неговите темелни познавања на стопанството и моменталните услови за работењето на стопанството воопшто придонесоа во овој период Банката да се насочи кон пласирање кредити и поддршка на малите и средните претпријатија како партнери со кои Банката треба да соработува.

Во текот на изминатиот период успешно се справуваше со предизвиците, одговорностите и со задолженијата кои ги имаше како член на Надзорниот одбор. Активно учествуваше во дискусиите по однос на сите значајни прашања истакнувајќи ги своите ставови и мислења.

Господин м-р Дејан Панделески присуствуваше на 36 седници на Надзорниот одбор во текот на 2016 година.

**Господин Кирил Митровски**, како член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола, даде голем придонес за успешното работење на Надзорниот одбор во 2016 година.

Имено, тој, како човек со одлични познавања на економијата и на финансиите, како и со долгогодишно работно искуство во банкарскиот сектор, се стремеше истите да ги примени во практика и со тоа значајно го унапреди работењето и делувањето на Надзорниот одбор на Банката.

Неговите претходни искуства од членувањето во одбори на управување и надзор во други банкарски и финансиски институции кои несебично ги практикуваше и при вршењето на функцијата член на Надзорен одбор на Банката секако беа од голема полза за успешното функционирање на Надзорниот одбор како и стабилното работење на Банката.

Господин Кирил Митровски особено се залагаше за намалување на нефункционалните кредити, како и консолидација и стабилизација на организациската и финансиската состојба на Банката.

Господин Кирил Митровски активно и објективно учествуваше на седниците со изнесување на своите забелешки и мислење по прашањата од надлежност на Надзорниот одбор.

Особено значајни беа неговите предлози за подобрување на работењето на Банката, особено на експозитурите, како и неговите конструктивни мислења по однос на решавање на проблемите со кои таа се соочи за време на извештајниот период.

Во текот на 2016 година, господин Кирил Митровски присуствуваше на 36 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Господин Иванчо Велјановски**, член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д Битола.

Господин Иванчо Велјановски со своето менаџерско искуство, како и темелни познавања од економската сфера, придонесе за ефикасното работење на Надзорниот одбор во 2016 година.

Имено, господин Иванчо Велјановски, како добар познавач на Битолско-пелагонискиот регион, а воедно и како успешен, долгогодишен менаџер на компанија од овој регион, придонесе за поголема ефикасност во работењето на Надзорниот одбор на Банката.

Неговите мислења, предлози и совети беа од големо значење за работењето на Надзорниот одбор, но и Банката како целина од причина што тој во значителна мера ги познава сите економски движења и показатели како и потреби на пазарот и компаниите, особено во овој регион.

Во изминатиот период тој како член на Надзорниот одбор се залагаше за подобрување и за зацврстување на финансиската состојба на Банката, преку изнаоѓање и нудење современи банкарски производи и услуги и примена на сите техничко-технолошки достигнувања на банкарскиот систем.

Господин Иванчо Велјановски присуствуваше на 36 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Господин Коста Костадиновски**, независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Господин Коста Костадиновски, како независен член на Надзорниот одбор, даде свој придонес и лично залагање за иден развој на Банката, разрешување на нефункционалните пласмани, диверзификација на портфолиото на клиенти и стабилен и одржлив раст на приходите од камати и провизии.

Неговите широки познавања на економијата, финансиите, како и на економските индикатори беа од големо значење за работењето на Надзорниот одбор.

Воедно, тој се залагаше за доследно почитување на законските прописи, интерните акти на Банката, како и препораките и укажувањата на Народна банка на РМ.

Господин Коста Костадиновски присуствуваше на сите 37 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, одржани за време на извештајниот период.

**Г-ѓа м-р Александра Радевска**, член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Г-ѓа м-р Александра Радевска, како економист и овластен ревизор со своите сеопфатни знаења и долгогодишно искуство од областа на ревизијата, меѓународните стандарди за финансиското известување и финансиите, како и со нејзиното долгогодишно искуство од оваа област во изминатиот период, придонесе за поголема ефикасност на надзорната функција. Нејзините совети и насоки во голем дел придонесоа за подобрување на работните процеси во Банката.

Г-ѓа м-р Александра Радевска активно беше вклучена на седниците на Надзорниот одбор и по однос на сите клучни прашања за работењето на Банката ги изнесуваше своите стручни ставови и мислења. Воедно, таа даваше и предлози и иницијативи за начинот на изготвување на материјалите и извештаите за седниците во согласност со највисоките професионални критериуми и стандарди, а сè со цел постигнување поголема ефикасност на работењето.

Особен акцент стави за максимално следење на почитувањето на лимитите пропишани со Меморандумот склучен со Народната банка на РМ, имаше голем ангажман околу обезбедувањето на задоволителното ниво на адекватност на капиталот на Банката, ликвидносните показатели, одржување соодветна кредитна изложеност со намален кредитен ризик, како и одобрување кредити во согласност со интерните акти како средства за обезбедување.

Во периодот од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, г-ѓа м-р Александра Радевска присуствуваше на 35 седници на Надзорниот одбор на Банката.

## 3. Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година од аспект на колективен орган за надзор

Во периодот од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година Надзорниот одбор постојано го следеше работењето на Банката и најмалку еднаш во месецот ги разгледуваше извештаите на Управниот одбор за остварувањето на финансиските резултати на Банката.

Во овој период Надзорниот одбор преку редовно месечно разгледување на извештаите на Одборот за управување со ризиците ги следеше неговите активности, при што констатираше дека Одборот за управување со ризиците соодветно континуирано го следи и го оценува степенот на ризичност, како и ефектите од управувањето со ризиците.

Воедно, Надзорниот одбор ги разгледуваше и извештаите од спроведените ревизии на Секторот за внатрешна ревизија и, во согласност со наодите и препораките, даваше насоки за нивно доследно почитување и имплементирање во рамките на утврдените рокови.

На секои три месеци Надзорниот одбор ги разгледуваше извештаите на Одборот за надгледување на информативната технологија, при што се запознаваше со работењето и со активностите на овој Одбор, како и за стратегиските ИТ-планови, оперативните ИТ планови, буџетот потребен за реализација на новите ИТ-проекти, управувањето со проектите и одобрувањето на ангажманите на надворешни обезбедувачи на сервиси по однос на ИТ.

На квартално ниво, Надзорниот одбор ги разгледуваше и извештаите за активностите на Службата за усогласеност на Банката со прописите и активностите на Службата за АМЛ/ЦФТ.

Во континуитет го следеше движењето на сите финансиски показатели, Билансот на состојба, Билансот на успех, профитабилноста и ликвидноста на Банката, депозитите на правните и физичките лица, остварените приходи и расходи на Банката со нивната структура, сопствените средства, стапката на адекватност на капиталот, причините за подобрувањата и влошувањата на портфолиото на Банката и сите други значајни прашања од работењето на Банката.

Како колективен орган на надзор на Банката, својата активност и работење ги остваруваше преку:

- редовно разгледување на извештаите за работењето на Банката и другите извештаи изготвени од Управниот одбор и другите органи на Банката (Одборот за управување со ризиците, Секторот за внатрешна ревизија, Одборот за надгледување на информативната технологија, Службата за усогласеност на Банката со прописите и др.);
- одобрување политики за управување со ризиците, политиката за сигурност на информацискиот систем и други политики и акти;
- одобрување изложености спрема поединечно лице од над 10% од сопствените средства на Банката;
- одобрување трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 3.000.000,00 денари;
- разгледување на извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народната банка на РМ, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлагање, односно преземање мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;
- разгледување на записниците од непосредната теренска контрола и непосредната теренска инспекциска контрола на Народната банка на РМ, доставување до Народната банка на РМ на записниците од седниците на Надзорниот одбор на кои се разгледуваат записниците од контролата и

верификување на приговорите на Банката на записниците од Народната банка на РМ;

- преземање други активности во согласност со законските и врз основа на Статут утврдените овластувања.

Во соработка со Управниот одбор, која во изминатиот период беше на многу високо ниво, на редовна основа ја расправаше состојбата на банкарскиот сектор, состојбите на економијата и стопанството како во Република Македонија така и во потесното опкружување, со посебен акцент на прашањата кои би можеле да влијаат врз работењето на Банката.

Во текот на извештајниот период, Надзорниот одбор, како колективен орган на надзор, особено влијание придаде на продажбата на преземениот имот и на поголемото пласирање кредити, преку што би се зголемила каматоносната актива на Банката.

Во текот на 2016 година Надзорниот одбор, покрај редовните седници, одржа и одреден број вонредни, писмени седници со цел остварување на своите законски надлежности, при што разгледуваше предмети кои имаа приоритет и потреба за итно постапување и одлучување.

Од колективен аспект, Надзорниот одбор заедно со Управниот одбор на Банката ја подобрија состојбата на Банката од аспект на раст и структура на активата, бруто-кредити, вкупни депозити, показателите за квалитет на кредитното портфолио и вкупната актива, ликвидносните показатели, стапката на адекватност на капиталот и пазарното учество.

Клучен приоритет на Надзорниот одбор на Банката во текот на извештајниот период беше подобрувањето и доследното практикување на доброто корпоративно управување на Банката, а воедно и придржувањето кон препораките на Народна банка на РМ по однос на склучениот Меморандум и неговите измени, како и издадените решенија и насоки од страна на регулаторот.

## 4. Донесени акти и други активности на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

Во рамките на надлежностите на Надзорниот одбор утврдени во Законот за банките, подзаконските акти, Статутот на Банката, како и насоките дадени од регулаторот, во текот на 2016 година, Надзорниот одбор ги разгледа и ги донесе следните акти:

| **Евиденција на акти донесени од страна на Надзорен одбор во 2016 година** |
|---|
| |
| Каталогот на обезбедување на Стопанска Банка а.д. Битола |
| Политика за управување со стратегиски ризик |
| Политика за управување со оперативен ризик |
| Политика за управување со ризик од земјата |
| Политика за управување со кредитен ризик |
| Стратегија за управување со ризици |
| Политика за процесот на утврдување на интерниот капитал на СТББТ |
| Политика за вработување (селекција и регрутација) во СТББТ |
| Методологија за мерење и оценка на поединечни ризици при утврдување на интерниот капитал |
| Методологија за ревизија на процесот на утврдување на интерниот капитал, одржувањето на нивото на сопствените средства и потребната активност на капиталот на Банката |
| Политика за управување со ликвидносен ризк |
| Политика за одржување на СС на Банката |
| Политика за користење услуги од надворешни лица |
| Стратегија за воспоставување на соодветно ниво на подготвеност за заштита од потенцијални закани присутни во дигиталниот простор |
| Политика за управување со валутен ризик |
| Политика за ревизорска трага |
| Политика за сигурност на информативниот систем |
| План за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година |
| Годишен план на Секторот за внатрешна ревизија |
| Политика за управување со пазарен ризик |
| План за управување со ликвидносен ризик во вонредни услови |

Во извештајниот период, Надзорниот одбор на Банката ги усвои плановите и програмите за работа на Банката, финансискиот план на Банката, годишниот план за внатрешна ревизија, годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на Банката. Воедно, ги утврди лимитите за вкупна изложеност спрема поединечен субјект над 10% од сопствените средства на Банката и изложеностите по

земји, како и ги прифати извештаите од супервизијата и други извештаи од Народната банка на РМ и други надлежни институции. На редовно ниво ги разгледуваше извештаите на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Службата за внатрешна ревизија, извештаите за работењето на Банката, усогласеноста на работењето на Банката во согласност со Законот и другите подзаконски акти, елаборатите за отпис на побарувања, како и други информации и извештаи од својата надлежност.

## 5. Соработка на Надзорниот одбор со Управниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

Во согласност со т. 4.3. (2) од Одлуката за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка („Службен весник на РМ“ бр. 159/2007), „Надзорниот одбор и Управниот одбор на банката треба да соработуваат на трајна основа. Надзорниот одбор е должен детално да ги дефинира своите права и одговорности, правата и одговорностите на Управниот одбор, како и да ја дефинира соработката меѓу овие два органа“.

Како и претходно и во текот на извештајниот период, Надзорниот и Управниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола остварија континуирана соработка која придонесе за ефикасно и непречено работење на Банката.

Во текот на 2016 година Надзорниот одбор и Управниот одбор на Банката соработуваа особено за дефинирање на деловните цели на Банката, стратегиите и управување со ризиците, профилот на ризичност на Банката и политиките за остварување на деловните цели и целите во однос на профилот за ризичност на Банката.

Во изминатиот период Управниот одбор на Банката редовно и навремено ги изготвуваше политиките, актите и одлуките и ги проследуваше на разгледување, одобрување и усвојување до Надзорниот одбор. Исто така, Одборот за управување на ризици на Банката подготвуваше извештаи и други акти кои навремено беа доставувани до Надзорниот одбор на Банката сè со цел нивно разгледување и одобрување.

На месечно ниво Управниот одбор ги подготвуваше и ги доставуваше до Надзорниот одбор сите извештаи за финансиските резултати и работењето на Банката, при што Надзорниот одбор оцени дека сите доставени извештаи ја даваат реалната, точна и целосна слика за финансиските резултати, работењето на Банката и работењето на Управниот одбор за овој период.

Добровоспоставената и континуираната успешна соработка помеѓу Надзорниот и Управниот одбор јасно се отсликува и преку редовното присуство на сите членови на Управниот одбор на седниците на Надзорниот одбор. Имено, во согласност со начелата и принципите на доброто корпоративно управување, членовите на Управниот одбор беа активно присутни на седниците на Надзорниот одбор и во согласност со своите

законски овластувања дава дополнителни образложенија на разгледуваните материјали, дава одговори на поставените прашања, како и појаснувања на одредени работи.

Покрај членовите на Управниот одбор, на седниците на Надзорниот одбор во 2016 година беа присутни и советникот на Управниот одбор, како и директорот на Секторот за внатрешна ревизија.

За време на извештајниот период, Надзорниот одбор на Банката беше секогаш и без исклучок точно известуван и информиран од страна на Управниот одбор за сите аспекти од работењето на Банката, истовремено по писмен пат Управниот одбор ги изнесуваше своите согледувања на целокупната состојба на финансискиот и економскиот пазар во Република Македонија, кои евентуално би можеле да влијаат врз работењето на Банката.

Управниот одбор на редовна основа го известуваше Надзорниот одбор и за сите активности поврзани со регулаторот – Народна Банка на РМ, ги доставуваше записниците од извршените теренски и вонтеренски супервизии и редовно го информираше и ги доставуваше на увид сите записници од извршени инспекциски контроли во Банката извршени од страна на други државни органи.

## 6. Судир на интереси и начинот на неговото разрешување

Во текот на извештајниот период, се водеше внимание за избегнување евентуален судир на интерес при разгледувањето и одлучувањето по одредени одлуки, предмет на одлучување на Надзорниот одбор на Банката.

Во случаите кога беше идентификуван потенцијален конфликт на интереси, членот, односно членовите на Надзорниот одбор чија објективност беше доведена во прашање поради постоење на судир на интереси се изземаа од разгледување и одлучување по конкретната точка на дневен ред со потпишување писмена пријава и изјава за изземање од разгледување и од гласање.

Истовремено, нивното изземање беше нотирано во записникот од конкретната седница на Надзорниот одбор.

Членот или членовите на Надзорниот одбор при постоење на судир на интереси ја напуштаа седницата за време на разгледување на конкретната точка.

## 7. Заклучни согледувања за работата на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

Членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во 2016 година, секој поединечно и од аспект на колективен орган, успешно работеа со цел задоволување на обврските и исполнување на нивните надлежности кои произлегуваат од Законот за банките, како и од Статутот на Банката.

Работењето на Надзорниот одбор во предметниот период беше во рамките на законски утврдените надлежности и интерните акти со кои се уредени деловната политика и основните цели на Банката.

Изминатата година работењето на Надзорниот одбор го одбележаа активностите кои вклучуваа постојано давање насоки за преземање мерки и активности заради успешно одржување стабилна позиција на Банката во банкарскиот сектор, следење на трендовите и новините, како и следење на конкуренцијата и прилагодување на пазарот и на пазарните услови.

Минатата 2016 година беше година во која секој поединечен член посебно и сите членови колективно со својот личен ангажман и искуство дадоа свој значаен придонес за успешното работење на Надзорниот одбор како орган за контрола и надзор на Банката.

Во предметниот период сите акти, одлуки, политики, планови, стратегии и сл. беа разгледани и донесени врз основа на законската регулатива и интерните акти на Банката. Целокупниот процес на донесување на интерните акти беше транспарентен и се базираше врз основа на претходнонаправена темелна анализа и оценка.

Во текот на своето делување Надзорниот одбор доследно и без отстапки се придржуваше и ги применуваше основните начела и принципи за доброто корпоративно управување, при што оствaруваше добра соработка со Управниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Секторот за внатрешна ревизија.

Воедно, во текот на целата 2016 година Надзорниот орган се грижеше за доследно следење и придржување кон лимитите пропишани со Меморандумот склучен помеѓу членовите на Надзорниот одбор на Банката и гувернерот на Народна банка на РМ.

Добрата организација и ефикасната работа на секој член поединечно како и колективно како орган на надзор на Банката придонесе за стабилно, сигурно работење на Банката во 2016 година.

НО бр. 02-7629/1/I.1-4

Битола, 11.4.2017 година

**Стопанска банка а.д. Битола**
**Надзорен одбор**
**претседател**

**господин Ненад Јосифовиќ**